...високообразовна установа
Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-235/1
М06 2014 год.
СКОПЈЕ

# *Р Е Ф Е Р А Т*

## за избор во наставно звање насловен предавач во областа на Бизнис менаџмент

Со Одлука бр.02-129/1 од 04.04.2014 година донесена на 34-та седница на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје одржана на 04.04.2014 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во насловно наставничко звање за областа на **Бизнис менаџмент** на Приватената високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје.

Јавниот конкурс за овој избор беше објавен во дневниот весникот „Нова Македонија" од 19.03.2014год. и во предвидениот рок се пријавија следните кандидати:

- Д-р Татјана Николова Маневска од Скопје, роден 04.07.1971 година, доктор на економски науки. Магистер на економски науки од областа на маркетингот. Повеќе години работно искуство во стопанството. Има учествувано на голем број на обуки и семинари, на кои има одржувано и сопствени презентации.
- Д-р Коста Котески од Крушево, родена 27.12.1977 година, доктор на економски науки. Магистер по бизнис менаџмент, титула добиена на Кингстон универзитетот во Лондон, Велика Британија. Работно искуство од 10 години во Велика Британија како економски промотор и во областа на менаџментот. " годишно работно искуство како советник за странски пазари во македонска фирма. Д-р Котески има две години искуство на наставно научна дејност.

Врз основа на приложената документација и разговорот со кандидатите во однос на нивното професионално искуство и очекувања од изборот, чест ни е на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје да му предложиме да биде избран кандидатот д-р Коста Котески, за што го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**<u>Биографски податоци</u>**

Д-р Коста Котески е роден на 27.12.1977 година во Прилеп, Република Македонија. Средно образование завршува во СОТУ "Ѓорѓи Наумов" – Битола.

Високо образование завршил на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Прилеп, во периодот 1996 – 2001 година и се стекнал со диплома дипломиран економист.

Во академската година 2004/2005 се запишува на последипломски студии на Бизнис Менаџмент на Универзитетот "Кингстон" – Лондон, Обединето Кралство, каде

магистрира на 18.11.2005 и се стекнал со диплома магистер по бизнис менаџмент. Прогласен е за најдобар студент на последипломските студии на бизнис менаџмент.

Во 2009 година се запишува на докторски студии на Институтот за социлошки и политички-правни истражувања во Скопје, каде се стекнува со звање доктор по менаџмент. Неговата докторска дисертација под наслов "Квалитетот на услугата и процесот за управување на перформансите во македонската хотелска индустрија: од перспектива на туристи и хотелски менаџери" е успешно одбранета на 04.03.2011 и се стекнува со научен степен доктор на менаџмент.

Кандидатот има богато работно искуство од интернационален карактер. Од месец јануари 2010 година работи како Советник за Економија на Генралниот Директор на Реплек Фарм, и е одговорен за странските пазари на компанијата. Од месец март, 2008 година до јануари, 2010 година работи како Економски Промотер на Република Македонија во Лондон. Од јули 2006 година до март 2008 година е на позиција менаџер во компанијата МЕ Фајнанс во Лондон, консултанска куќа во областа на финансиите која за главни клиенти ги има инвестиционите банки, фанд и асет менаџмент компаниите, сметководителските и адвокатските куќи. Компанијата има околу 3500 вработени и е присутна во повеќе од 20 земји во светот, каде д-р Коста Котески успешно раководи со тим од 30 вработени и остварува солидни работни задачи како на позицијата во Лондон, така и на позицијата во Кејп Таун во Јужна Африка, каде е одговорен за нови вработувања, редовен тренинг на вработените, остварување на неделни и месечни таргети како и доставување на редовни извештаи за постигнатите резултати до главната канцеларија во Лондон.

Во периодот јули 2005 – декември 2006 е потпретседател на Британско Македонската Стопанска Комора, и има за цел зголемување на бизнис контактите помеѓу Македонија и Велика Британија. Во мај 2005 година, кандидатот ја организира првата презентација за инвестиционите можности на Република Македонија во Велика Британија, Macedonia Invest, 2005. Во меѓувреме работи како консултант за македонскиот пазар за Хилтон Интернационал и стратешки маркетинг консултант за Кимберли Кларк.

## Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Од септември 2011 година, д-р Коста Котески е ангажиран од Американ Колеџ – Скопје, како експерт и предавач за предметите "Staff training and development" и "Recruitment and Selection", со настава на англиски јазик.

Кандидатот има напишано и објавено повеќе трудови меѓу кои:

1. Котески, К. (2005), "Investment opportunities in the Republic of Macedonia", - Кингстон Универзитет, Лондон
2. Котески, К. (2007), "The interests of British companies to invest in Macedonia, Патфајндерс, Лондон
3. Котески, К. (2011), "How do Luxury Hotels evaluate their global growth strategies? *A case study of Hilton International franchising and the Macedonian market*", Економски Институт, Скопје
4. Котески, К. (2011), "The quality service and its improvement – key factor for tourism development: *A case study of the Republic of Macedonia*", Универзитет за Туризам и Менаџмент, Скопје

Исто така кандидатот има учествувано и на голем број семинари, конференции и обуки од областа на бизнис менаџментот.

Доколку ги квантифицираме вредностите на д-р Коста Котески, согласно одредбите на постојните позитивни прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, би можеле да ги определиме следните поени:
20(НО) + 20(НИ)+ 35(САОР)= 75 поени

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид претходно наведените податоци, рецензентската комисија заклучи дека кандидатот д-р Коста Котески има потенцијал за научно-истражувачка работа, има повеќегодишно работно искуство во областа на бизнисот и менаџментот, како и афинитети за научно -истражувачка работа. Оттука може да оцениме дека д-р Коста Котески ги задоволува не само законски предвидените критериуми и интерните критериуми за да биде вклучена во наставно-образовните и научно-истражувачки активности што се реализираат на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа "Факултет за бизнис економија" - Скопје, во областа на Бизнис менаџмент.

Затоа на Наставничкиот совет на Факултетот му предлагаме да го избере д-р Коста Котески во звањето насловен **предавач во областа на Бизнис менаџмент.**

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Весна Стојанова, редовен професор ____________________

2. Проф. д-р Антонија Јосифовска, редовен професор ____________________

3. Проф.д-р Благоја Наневски, редовен професор____________________